**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОСНОВЕН СУД ОХРИД**
**Су - 04 бр.42/23**
**05.09.2023 година**
**Охрид**

Врз основа на член 9 став 3, член 39 и член 40 од Законот за судска служба (*"Сл. весник на Р.М." бр.43/14, 33/15, 98/15, и 6/2016, 198 /18 и број 248 /18*), а во согласност со Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работно место за кое е објавен интерниот оглас *("Сл. весник на Р.М." бр. 275/2020*), Основниот суд во Охрид, на ден 05.09.2023 година, објавува:

**И Н Т Е Р Е Н О Г Л А С број 01/2023**
**За пополнување на работни места со унапредување на судски службеници во Основниот суд во Охрид**

**СЕ РАСПИШУВА** Интерен оглас за пополнување на работни места со унапредување на судски службеници за следните работни места:

1. **Шифра на работното место СУД0101В01001, ниво В1, Судски советник**;.......................................................... број на извршители – 1 (еден);

- **Посебни услови:**
  - Степен и вид на образование: стекнати 300 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен – правен факултет и положен правосуден испит,
  - Најмалку 3 (три) години работно искуство во струката,

Платата за работното место е во паричен нето износ од 32.764,00 денари.

2. **Шифра на работното место СУД0101Г03001, ниво Г3, Судски референт – извршител во писарница**;......................................број на извршители – 1(еден);

- **Посебни услови:**
  - Степен и вид на образование: најмалку вишо или средно образование.
  - Најмалку 1 (една) година работно искуство во струката,

Платата за работното место е во паричен нето износ од 21.500,00 денари.

**Распоред на работното време:**

Дневното и неделното работно време е од 07,30 часот до 15,30 часот, од понеделник до петок.

**Времетраење на работниот однос - неопределено**

**Пријава за унапредување на судски службеник преку интерен оглас**

- На интерниот оглас може да се јави судски службеник вработен во Основниот суд Охрид , кој ги исполнува **посебните услови** предвидени во Правилникот за организација и систематизација на Основниот суд Охрид, условите во Законот за судска служба пропишани за соодветното ниво на работно место, како и условите предвидени во член 39 став 5 од Законот за судска служба и тоа :
- **Да е оценет со оцена „ особено се истакнува " или „се истакнува" при последното оценување**
- **Да е на работно место на непосредно пониско ниво или да е на работно место во рамки на истата категорија во која е работното место кое е објавен интерниот оглас**
- **Да поминал најмалку две години на работно место на кое е распореден,**
- **Да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавувањето на интерниот оглас**
- Заинтересираните кандидати се должни да поднесат пополнета пријава за унапредување и докази за исполнување на посебните услови за работното место за кое се пријавуваат , односно за податоците содржани во пријавата, како и за условите определени согласно член 39 ст. 5 од ЗСС.
- Пријавата со доказите , кандидатите се должни да ја достават преку приемната писарница на Основниот суд во Охрид до комисијата за селекција за унапредување.
- Пријавата може да се подигне од приемната писарница или да се симне од веб страната на судот www.osohrid.mk .

**Кандидатите кон пријавата покрај доказите за исполнување на посебните услови, можат да ги приложат и следните докази**:

- потврди за успешно реализирани обуки , како обучувач или како посетител на обука и/или

- потврди за успешно реализирано менторство (како ментор или менториран административен службеник).

Рокот за поднесување на пријавата со доказите трае 5 (пет) дена од денот на објавување на интерниот оглас на Веб страната на судот.

Во пријавата кандидатите се должни под материјална и кривична одговорност да потврдат дека податоците во пријавата се точни, а доставените докази верни на оригиналот.

**НАПОМЕНА:** Кандидатот кој ќе внесе лажни податоци во пријавата или се утврди дека внел лажни податоци, ќе биде дисквалификуван од натамошна постапка по овој оглас.

**ОСНОВЕН СУД ОХРИД,**

**Претседател,**